**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Уп. бр. 08-62

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Салус Љубљана, д.д. со седиште на Литстројска цеста 46А, Љубљана, Словенија, доставено преку полномошник Нина Петковска, адвокат Скопје, на седницата одржана на ден 31.08.2018 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Салус Љубљана, д.д. со седиште на Литстројска цеста 46А, Љубљана, Словенија ќе стекне контрола над Санолабор, д.д. со седиште на Лескошкова цеста 4, Љубљана Словенија, преку купопродажба на акции, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 31.07.2018 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) прими известување од за концентрација Салус Љубљана, д.д. со седиште на Литстројска цеста 46А, Љубљана, Словенија со која Салус Љубљана, д.д. ќе стекне контрола над Санолабор, д.д. со седиште на Лескошкова цеста 4, Љубљана Словенија, преку

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

купопродажба на акции во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренција.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Групацијата Салус** главно работи во трговија на големо со фармацевтски, медицински и поврзани производи, главно на словенечкиот пазар. Групацијата салус исто така врши дополнителни услуги за фармацевтската индустрија, како што се чување на лекови и други медицински производи, секундарно пакување на лекови и други производи, регулаторни услуги за медицински производи, медицински помагала и додатоци за исхрана, фармаковигиланца и вигиланца на медицински производи, фармакоекономика и маркетиншки услуги.

Групацијата Салус во Македонија има регистрирано два субјекти и тоа:

- Медика интернационал, ДОО Илинден со седиште на Улица 34 бр.5, Илинден, Македонија и со основна дејност трговија на големо со фармацевтски производи и
- Царсо Интернационал, ДООЕЛ Илинден со седиште на Улица 34 бр.5, Илинден, Македонија кој врши маркетиншки активности и регистрација на лекови.

**Основна дејност на Санолабор, д.д. Словенија е** трговија на големо на производи за здравствена грижа, стоматологија и лаборатории, како и малопродажба на медицински производи и лекови кои може да се купат без рецепт. До помал степен Санолабор обезбедува и услуги за складирање.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Благој Чурлинов**